Вкупно **89 граѓански организации упатија јавна реакција до Владата на Република Македонија** во која бараат да се да го запре процесот за избор на претставници од граѓанското општество во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор (Советот); да се направат измени и дополнувања на донесената Одлука за формирање на Советот и да се отвори консултативен процес со претставниците на граѓанските организации, во кој различните мислења и ставови за Советот ќе бидат земени предвид и усогласени согласно споредбените искуства и практики.

Потписниците на изјавата сметаа дека тело како Советот за соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор треба да биде формирано **врз база на заемна доверба и партнерство** меѓу двата сектора. „Длабоко сме убедени дека пристапот на еднострано формирање на телото нема да ги даде посакуваните резултати и е спротивно од целта на неговото формирање“, се вели во изјавата и се додава дека не земањето предвид на овие укажувања ќе има за последица бојкотирање на изборот на претставници од граѓанското општество.

Граѓанските организации имаат забелешки на процесот на **подготовка и усвојување на Одлуката за основање на Советот;** на **мнозинската застапеност предвидена за државните институции** во него, на **нивото на државни службеници**, на постапката и начинот за спроведување на изборот на **членовите на Советот** од редот на граѓанските организации, и на времето во кое е донесена Одлуката.

**Видете ја целата изјава.**